ГОЛЕМА ПОЛИЦИСКА АКЦИЈА ВО СКОПЈЕ, ПРИВЕДЕН И ПОЛИЦАЕЦ

Искра Опетческа | сре, 28.07.2021 | 5:25 pm | 0 Коментари

Нова акција на МВР во која се апсат трговци со оружје и дилери на дрога. Во акцијата што беше спроведена рано утрово во скопската населба Ченто, полицијата апси 12 луѓе меѓу кои и еден полицаец.

Од Министерството за внатрешни работи информираат дека членовите на криминалната група подолг временски период неовластено произведувале и продавале дрога а исто така незаконски изработувале, посредувале и продавале оружје и распрскувачки материи.

На апсените, велат од МВР ќе им биде поднесена кривична пријава и ќе бидат предадени на надлежното јавно обвинителство. А од обвинителството за гонење организиран криминал по спроведената акција информираа дека според прибраните докази е утврдено дека групата е формирана со цел стекнување на противправна имотна корист, има строго утврдена хиерархија и структура и се занимава со продажба на дрога и оружје.

„Надлежниот јавен обвинител по добиената кривична пријава ќе донесе Наредба за спроведување на истражна постапка против уапсените луѓе. Воедно ценејќи дека се исполнети условите за одредување на мерката притвор, ќе му предложи на судија на претходна постапка при Основниот кривичен суд Скопје истата да ја определи за сите осомничени." - велат од ОЈО ГОКК.

Ова не е прва ваква акција на МВР годинава.

0 КОМЕНТАРИ

ОСТАВИ КОМЕНТАРИ

Име

Коментар

SUBMIT

НАЈЧИТАНИ | НАЈНОВИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Вакцините „Синовак" останаа во фрижидерите

Црни рекорди: Возел со 320 километри на час на мак...

Куќа се урива од поплави за време на интервју со г...

Во Индија илјадници луѓе вакцинирани со солена вод...

50-годишна жена роди здраво бебе во Гинекологија -...

Борисов: Ова е тотален хаос

Заев оствари средба со директорот на „Егзит" и со ...

Во Белград се урна зграда, во тек е евакуација на ...





Следете не

ВО МАКЕДОНИЈА

Заев: Балканот ...

Премиерот Зоран Заев поплад.....

јул 28, 2021

Вучиќ: За Србиј...

Претседателот на Србија, Ал.....

јул 28, 2021

МНР: Поради сил...

Поради силните пожари кои д.....

јул 28, 2021

© 2018, Copyrights GateOne. All Rights Reserved.